МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА–МИНХЕН
FORGGENSEESTR. 64 81 539 MUNCHEN
TEL/FAX: (0049) 089 6912058

# Црковна Општина „Св. Троица„ - Минхен

# Парохиско Писмо





*FORGGENSEESTR. 64 81 539 MUNCHEN*
*TEL/FAX: (0049) 089 6912058*

**Содржина:**

**Вовед..................................................................................................................3**
**Кратка историја на црковната општина Св. Троица во Минхен..........................3**
**Активности на црковните одбори и верниците ..................................................4**
**Храм-Црква.........................................................................................................5**

FORGGENSEESTR. 64 81 539 MUNCHEN
TEL/FAX: (0049) 089 6912058

Почитувани верници,

со оглед на тоа што се повеќе македонци се населуваат во Минхен и неговата околина, а во исто време согледувајќи ја потребата за ваша информираност во врска со црковниот живот градот Минхен, нашата црковна општина одлучи на овој начин да ви се обрати вам, на верните чеда на Македонската Православна Црква и да ве запознае со историјата и животот на црковната општина во Минхен.

## Кратка историја на црковната општина во Минхен

Црковната општина „Св. Троица„-Минхен е формирана во 1987-та фодина и преку својата мисија духовно и културно ги обединува Македонците на овај простор. Секако дека поцетоците не била едноставни, меѓутоа желбата да се има своја црковна општина била голема и тоа било единствениот мотив кој ги охрабрувал лугето во напорот да се опстои во реализација на целта. После подолга припрема и формирање на иницијативен одбор, во далечната 1987-ма година се започнува со организирање на црковниот живот и истата година е одржана првата богослужба на македонскиот јазик од страна на отед Петар Јорданов.

Во првите години до официјалната регистрација на црковната општина пред државните органи кое се случило во почетокот на 1992-ра година, а потоа и до 1997-ма година, богослужби се одржувале само за поголемите празници, односно, доагал свештеник од Македонија, ги одржувал службите, и повторно се враќал назад. Во периодот од 1987-ма до 1997-ма година во Минхен немало сталeн свештеник.

Првиот свештеник на Минхенската парохија, отец Мирко Пешовски, доага како прв редовен свештеник во 1997-ма година и конечно нашите македонци остваруваат една цел, а тоа е добивање на стален свештеник. Отец Мирко се задржува на оваа парохија 5 години, а во 2002-ра година доаѓа до смена на свештениците, односно отец Миреко заминува за Австралија како парохиски свештеник, а на негово место доаѓа отец Александар Ристевски кој исто останува околу 5 години во минхенската парохија.

На почетокот на 2007-ма година, доаѓа сегашниот свештеник отец Миле Велјановски, кој парохиската должност ја извршува до денес.

Минхенската парохија е составена од вкупно 6 црковни општини во јужна Германија и тоа:

- „Св. Троица„ - Минхен
- „Св. Никола„ - Инглоштад
- „Св. Атанасиј„ - Нирнберг
- „Св. Димитриј„ - Ален
- „Св. Кирил и Методиј„ - Штутгард
- „Пресвета Богородица„ - Синделфинден-Беблинген

Ваквата организација на парохијата е од доаѓањето на првиот свештеник во 1997-ма година па се до денес. Секоја сабота и недела, и во текот на неделата, свештеникот богослужи во различен град од овие шест наведени градови. Причинита за ова е финанската состојба на оделните црковни општини, па на ваков начин ги делат трошоците околу свештеникот. Нашите црковни општини функционираат по принцип на самофинансирање, односно од прилозите на верниците што ги донираат во црквите и само на тој начин финансиски опстојуваат. Затоа, целиот тој процес на самофинансирање е прилично комплициран во смисла на финансиското опстојувањена истите

## Активности на црковните одбори и верниците

Драги браќа и сестри,

во имзминатите 36 години, црковната општина поминала низ многу радосни моменти, низ многу искушенија, меѓутоа со Божја помош опстоила до денес. Во сите овие години, голем број на верници активно се вклучиле во помагањето на црковната општина како членови на црковниот одбор, секој во различен период, за што сме безкрајно благодарни. Сите тие луѓе кои одвојувале од своето време, без никаков надомест, во овие години несебично се вложиле и ангажирале во функционирањето на црковната општина, а се со цел славење на Бога и овозможување на Македонците непрецено да можат да ја негуваат својата вера, јазик, култура, традиција и да растат во Духот Божји.

Моментално, црковниот одбор избран во Октомври 2022 година, е составен од верници од различна возраст и разчични професии, меѓутоа сплотени во намерата на што повеќе верници да има доближат православната цера и православието преку нашата црква. Уште еднаш ќе се напомене дека, сите тие, како и сите оние во изминатите 36 години тоа го прават доброволно и без никаков надомест.

Тука не смееме да ги заборавиме и верниците кое се активни во однос на посетата на богослужбитре, кои редовно доагаат во храмот, се причестуваат, исповедаат и.т.н.

Исто така ја користиме оваа можност и да се заблагодариме на сите оние кои преку редовен месечен прилог (парохијал) во форма на траен налог ја помагаат нашата црква.

Се заблагодаруваме и на оние верници кои што на било каков начин пројавуваат интерес за нашата црква и на било кој начин ја помагаат нашата црква, како и на сите останати верници кои доаѓаат да се помолат и на тој начин станувaат дел од нашата црковна општина.

## Храм - Црква

Почитувани верници,

нашата црковна општина од самиот почеток, до денес, за своите потреби ја користи католичката црква St. Margaret. Секако дека ова прашање е најпроблематичното во однос на она што подразбира редовен црковен живот. Вие самите знаете дека Минхен е екстремно скап град, а нашите финансиски можности за изградба на храм се мали. Секако дека не се откажуваме од намерата да имаме сопствен храм или богослужбено место, каде што ќе имаме поголема слобода и можност за богослужење, па затоа сакаме да ве известиме дека црковниот одбор, како и предходните одбори, заедно со свештеникот работи на тоа да се реши овој проблем и секако дека ќе продолжиме во тој правец и го молиме Бог да ни помогне на тој пат. Остваруваме средби, преговараме со фактори кои се релевантни во овој дел од германското општество и кои би можеле да ни помогнат во остварувањето на нашата цел. Во секој случај, има активности кои ги превземаме во насока на решавање на овој проблем.

МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА
МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКОВНА ОПШТИНА СВЕТА ТРОИЦА–МИНХЕН
FORGGENSEESTR. 64 81 539 MUNCHEN
TEL/FAX: (0049) 089 6912058

На крајот сакаме да ве повикаме сите вас, кои имате прашаља на било која тема во врска со функционирањето на нашата црква, да се обратиме до свештеникот и црковниот одбор, за да ги добиете потребните информации.

Исто така, ги повикуваме сите верници кои се во можност и сакаат да ја помогнат црковната општина, тоа да го направат преку месечен прилог кои смаи ќе го одредат во форма на траен налог на црковната банкова сметка:

**Mazedonische Orthodoxe Kirchengemeinde "Sv.Troica"**
**IBAN: DE30 7025 0150 0950 0047 05**
**BIC: BYLADEM1KMS**

За донација до 300 евра годишно, доволно е преку банков извод за повраток на данокот. За донации над 300 евра годишно, ќе добиете потврда од нашата црковна општина за да вратите дел од данокот.

На крај ве поздравуваме и ве повикуваме да ги посетувате нашите богослужби кои се одржуваат според однапред подготвен распоред. Исто така може да не следите на фејсбукстраните МПЦ Минхен и МПЦ Св.Троица.

Со надеж и љубов во Христа,

Христос помеѓу нас !

Црковен одбор МПЦО „Св. Троица„
Парохиски свештеник о. Миле Велјановски